| **Податоци за органот кој го изработува планскиот документ** | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА „ТРЕНИНГ ЦЕНТАР МВР-УБК„ КО ЗАГОРЦИ И КО СКОРУША ОПШТИНА КОНЧЕ |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Агенција за планирање на просторот, по нарачка на Министерството за внатрешни работи - Управа за безбедност и контраразузнавање и Министерството за транспорт и врски |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски |

| **Податоци за изработувачот на планскиот документ** | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Боро Петковски, дипл.инж.арх., Овластен планер, број на овластување 0.0392 |
| **Назив на работното место** | Раководител на тимот за изработка на ДУПД |
| **Контакт податоци за лицето** | Адреса: Плоштад Македонија бб/4, 1000 Скопје<br>тел. за контакт: 02/3227-244 |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Донесувањето на ДУПД за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен бесник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Законот за градење („Службен бесник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18) и подзаконските акти, како и Годишната Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, Регулациски планови на Генерални урбанистички планови, Урбанистичко-планска документација и Урбанистичко-проектни документации за 2019 година („Службен бесник на РМ“ бр.16/19), ***точка 1.5, која гласи: Изработка на Државна Урбанистичко Планска Документација за изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче***.<br>За планскиот опфат се изработени Условите за планирање на просторот (Тех. бр. Y06319), издадено е Решението за услови за планирање на просторот од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање (бр.УП1 15592/2019 од 10.05.2019), изработена е Планската Програма од страна на Агенцијата за планирање на просторот, а истата е одобрена од нарачателот, односно Министерство за внатрешни работи (бр.36-4164 од 22.05.2019) како и од Министерството за транспорт и врски. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| / | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиштето | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** | | | |
| **Да** ☒ **Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка:** 13 | **Алинеја:** |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Предвидените содржини во планскиот опфат како посебна област/проект не се дефинирани во Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Меѓутоа при изработка на проекти за инфраструктурно опремување на опфатот, може да се јави потреба од утврдување на потребата за спроведување на оцена на влијанието врз животната средина. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Не | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |

| |
|---|
| Целта на изработка на планскиот документ е уредување на простор со класа на намена на земјиштето: Група на класа на намена – В (Јавни институции), Основна класа на намена – В4 (Државни институции) со можност на вградување на компатибилни класи на намена на основната во рамки на дозволениот процент, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), односно изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“.<br>ДУПД која претставува основен развоен документ, има крајна цел преку: рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот, оформување архитектонска целина, почитување и заштита на правото на човекот на работа, почитување и валоризација на културното и градителското наследство, вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето, подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет, вградување на мерки за заштита на природата и животната средина, вградување мерки за заштита и спасување, почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето, почитување на законските прописи за дадената намена, да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Архитектонско-урбанистички проект, Проекти за инфраструктура и Основни проекти за градежната парцела.<br>Имајќи ги предвид содржините во планскиот опфат, како и постојната намена на земјиштето, расположливите водни ресурси, културното наследство, биолошката разновидност и сл. во рамките на планскиот опфат, односно во непосредното опкружување, како и близината на населените места и сл., а со цел заштитата на животната средина да биде интегрален дел од планираниот иден развој на планскиот опфат, се донесува ***Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.*** |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за ДУПД нема одреден период за донесување на планскиот документ. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за ДУПД нема предвидено ревидирање на планскиот документ. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |

| |
|---|
| Планскиот опфат се наоѓа во општина Конче, југозападно од градот Радовиш, на брегот од акумулацијата Мантово, во КО Загорци и КО Скоруша. Површината на планскиот опфат изнесува 40,022 ha.<br>Во близина на планскиот опфат се наоѓаат населените места: Гарван, Загорци, Скоруша, Долни Радеш на оддалеченост од околу 2-3 km воздушна линија. Исто така, во близина на опфатот, од спротивната страна на акумулацијата Мантово се наоѓа „Сончева езерска населба Мантово“ на оддалеченост од околу 1 km воздушна линија.<br>Планскиот опфат се наоѓа на државно неизградено земјиште. Најголемиот дел од локацијата е земјиште под шуми, пасишта и обработливо земјиште. Планскиот опфат припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон, поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.<br>Планскиот опфат се наоѓа во ВП “Средна и Долна Брегалница” кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од браната “Калиманци” до вливот во реката Вардар. На ова ВП припаѓаат реките: Оризарска, Злетовска, Свети Николска, Осојница, Зрновка, Козјачка и Лакавица.<br>Низ планскиот опфат има неколку суводолици, а во непосредна близина течат реките (порои) Згоречки и Студена Вода, и се влеваат во акумулацијата Мантово. Планскиот опфат е во крајбрежниот појас на акумулацијата Мантово изградена на реката Лакавица. Максималното ниво на водата во акумулацијата изнесува 402,5 м.н.в.<br>Планскиот опфат припаѓа на Струмичко-Радовишки туристички регион во кој се утврдени 4 туристички зони со 12 туристички локалитети.<br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Загорци и Скоруша има евидентирани недвижни споменици на културата.<br>Планскиот опфат се наоѓа во границите на меѓународно препознаено Значајно подрачје за птици.<br>Мапите за планскиот опфат се приложени во Додаток 1. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| Со **ДУПД** за **изградба на „Тренинг центар МВР-УБК“, КО Загорци и КО Скоруша, општина Конче**, се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето, дефинирани според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање:<br>**Група на класа на намена – В** (Јавни институции)<br>**− Основна класа на намена – В4** (Државни институции)<br>со можност на вградување на компатибилни класи на намена на основната во рамки на дозволениот процент, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).<br>Во тренинг центарот како содржини на наведената основна класа на намена треба да се планираат: сместувачки капацитети (објект за сместување на професори, објект за сместување на студенти, VIP – сместување), стрелиште, објект со училници, кујна со трпезарија, амбуланта, фитнес, портирница, магацини, како и останати содржини во зависност од потребите на центарот.<br>Во согласност со Планската програма, тренинг центарот треба да функционира како една оградена целина со внатрешен зелен појас покрај границата на планскиот опфат, особено на југозападниот дел, од каде и се предвидува и влез во комплексот.<br>Исто така, зелен појас треба да се планира долж деловите покрај некатегоризираниот локален пат, којшто се врзува на регионалниот пат Р2433. Додека крајбрежен заштитен појас треба да се планира на северната страна, каде планскиот опфат граничи со брегот на акумулацијата Мантово.<br>Сообраќајниот пристап до центарот ќе биде преку регионалниот пат Р2433 (Радовиш-врска со А4-Конче-Загорци-Лесковица-врска со Р1103-Селце-Софилари-врска со А4), а сообраќајното поврзување со поширокиот регион е преку магистралниот пат со ознака А4 (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица- гр.со Бугарија-ГП Ново Село).<br>Поради тоа што планскиот опфат тангира со акумулацијата Мантово, на источната и северната страна од планскиот опфат, во согласност со член 131 од Законот за води, треба да се предвиди крајбрежен заштитен појас, кој за акумулации и езера изнесува 50 m од линијата на највисокиот утврден водостој.<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на содржините предвидени во планската документација, може да се разгледуваат од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија и од аспект на негативни влијанија. |
| **Очекувани влијанија**: Со имплементацијата на планот не се очекуваат придобивки од аспект на заштита на медиумите и областите од животната средина. Предвидените плански содржини ќе бидат потенцијални извори на емисии кои може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите и областите од животната средина, населението и здравјето на населението, доколку не се соодветно контролирани и третирани.<br>Додека, имплементацијата на планот може да резултира со позитивни и негативни влијанија од социо-економски аспект.<br>Како резултат на ова во стратегиската оцена на животната средина треба да се даде посебен осврт на можните влијанија врз медиумите и областите од животната средина и социјалните влијанија кои може да бидат предизвикани со имплементација на планските содржини. Можните влијанија се разгледувани низ прашањата и одговорите, прикажани во продолжение. |

| | |
|---|---|
| **Веројатност, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Имплементацијата на планските содржини може да предизвика значајни, долгорочни позитивни социјални влијанија како резултат на отворените можности едукација и тренинг на припадниците на МВР, отворање можности за вработување на населението, подобрување на животниот стандард и сл.<br>Покрај овие придобивки, предвидените активности во планскиот опфат (фаза на изградба, работење и затворање) може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите од животната средина, социо економските аспекти и здравјето на населението. Негативните влијанија може да се појават при несоодветно изведување на планските активности во фазата на изградба, како и при идното работење на тренинг центарот, особено во случај на несоодветна контрола на емисиите, како и во услови на несреќи и хаварии.<br>Потенцијални рецептори на можните влијанија од планскиот опфат се: воздухот, водите, почвата, биолошката разновидност, пределот, културното наследство, како и населението кое директно или индиректно може да биде засегнато од емисиите генерирани во рамките на тренинг центарот, а особено во услови на несреќи и хаварии.<br>Генерално, негативните влијанија врз медиумите и областите од животната средина и социјалните влијанија се оценуваат како можни повратни/неповратни влијанија, во однос на времетраењето како краткорочни до долгорочни влијанија со мал до голем интензитет (особено во услови на несреќи и хаварии). За таа цел треба да се предвидат мерки за заштита, кои ќе бидат применети во фазата на изградба на тренинг центарот, како и за време на неговата оперативност. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во близина на планскиот опфат се наоѓаат населени места (со мал број на жители) каде се изведуваат секојдневни животни активности, земјоделски и сточарски активности, како и „Сончева езерска населба Мантово“ каде се изведуваат туристичко рекреативни активности. Овие активности се извори на емисии во животната средина кои даваат придонес во квалитетот на медиумите и областите во животната средина. Со имплементација на Планот може да се очекуваат кумулативни влијанија врз квалитетот на водите, воздухот, бучавата, фреквенцијата во сообраќајот и сл. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Предвидените активности и содржини во планскиот опфат може да претставуваат ризик по здравјето на луѓето и нивната безбедност, како и врз животната средина во услови на неконтролирани емисии во водите, зголемено ниво на бучава, емисии во воздух и сл. а особено во услови на несреќи, природни катастрофи, воени дејствија и сл. Планскиот опфат, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства и простори погодни за слободни територии.<br>Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС.<br>Можноста за појава на несреќи е поврзана со складирањето и употребата на муниција, изведување на стрелечки активности, сообраќајни незгоди и сл. кои може да ја загрозат безбедноста на луѓето кои вршат разни активност во близина на планскиот опфат. Исто така инцидентни истекувања или несоодветен третман на отпадни води, несоодветно управување со отпад може да го наруши калвитетот на водата во акумулацијата Мантово која се користи за наводнување на Радовишко и Струмичко поле, како и за пиење во општина Конче.<br>Во однос на можноста од ризици за појава на несреќи исто така треба да се земе предвид дека планскиот опфат ја тангира акумулацијата Мантово, за која во согласност со Просторниот План на РМ е предвидено преземање на мерки за превентивна заштита на акумулацијата, како простор изложен на опасност од загрозување. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Општина Конче со 3,690 жители и 14 населени места, особено најблиските населени места до планскиот опфат: село Гарван (11 жители во согласност со Пописот на население од 2002 година), Долни Радеш (нема жители), Загорци (10 жители), Скоруша (11 жители) и посетителите на „Сончева езерска населба Мантово“ која се наоѓа од спротивната страна на акумулацијата Мантово. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**<br>Имплементацијата на планските содржини ќе понуди нов и современ комплекс за тренинг обука за припадниците на МВР, што позитивно ќе се одрази врз безбедноста на државата. Исто така, имплементацијата на Планот ќе допринесе за отворање на нови работни места, директни и индиректни вработувања, преку развој на бројни услужни дејности, подобрување на животниот стандард на населението, зголемување на приходите во општинскиот буџет, подобра бизнис клима и сл.<br>Имплементацијата на планските содржини може да предизвика и негативни економски и социјални влијанија во случај на зафаќање приватен имот за изградба на потребната инфраструктура и несоодветен надомест, ограничување на просторот за движење како резултат на обезбедување на максимална заштита на тренинг центарот и сл. можни, нарушување на медиумите од животната средина и здравјето на населението во случај на несреќи, намалена посетеност на „Сончева езерска населба Мантово“ и посетителите на акумулацијата кои истата ја користат за одмор и рекреација како резултат на зголемено ниво на бучава, присуство на луѓе и сл. |

| | |
|---|---|
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Планскиот опфат се наоѓа во подрачје покриено со шуми, ливади, ниви, а исто така ја тангира акумулацијата Мантово која се користи за водоснабдување и наводнување. Акумулацијата Мантово според сите карактеристики се смета за туристички локалитет со најголем потенцијал на подрачјето на Општина Конче, односно акумулацијата и нејзината околина е туристички ресурс врз кој општината планира да го развива туризмот.<br><br>Планскиот опфат се наоѓа во близина на населените места, како и во близина на викендички, каде се изведуваат активности за домување и туристичко рекреативни активности. На подрачјето на катастарските општини Загорци и Скоруша има евидентирани недвижни споменици на културата. Исто така планскиот опфат влегува во границите на меѓународно препознаено Значајно подрачје за птици. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во согласност со Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија во рамките на планскиот опфат нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br><br>Планскиот опфат се наоѓа во рамките на подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици (Езеро Мантово-Река Крива Лакавица).<br><br>Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарските општини Загорци и Скоруша има евидентирани недвижни споменици на културата. |
| **Надминувања на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во рамките на планскиот опфат не се изведуваат активности кои предизвикуваат надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности. Како резултат на активностите кои се изведуваат во опкружувањето на планскиот опфат, постои ризик од надминување на стандардите за квалитет на животната средина, како резултат на недостаток на канализациона мрежа во населените места во близина на планскиот опфат (особено во викенд населбата), недостаток на вода за пиење, несоодветно управување со отпадот и сл. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Најголемиот дел од земјиштето во планскиот опфат е земјиште под шуми, пасишта и обработливо земјиште. Во опкружувањето на планскиот опфат, исто така, се наоѓаат обработливи земјоделски површини и површини покриени со шуми, пасишта, како и акумулацијата Мантово. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја** | Во согласност со Секторската студија изработена за потребите на Просторниот план на РМ, планскиот опфат не влегува во рамки на подрачје кое е под режим на заштита, во согласност со категориите на заштитени подрачја, дефинирани во националното законодавство.<br><br>Меѓутоа, планскиот опфат се наоѓа во рамките на подрачје идентификувано како Значајно подрачје за птици. |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** | |
| За содржините предвидени со планскиот опфат може да се јави потреба за изработка на проекти за кои ќе треба да се изработи Студија за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина или Елаборат за заштита на животната средина. | |

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Планскиот опфат се наоѓа на оддалеченост од околу 2-3 km воздушна линија од населените места, како и оддалеченост од околу 1 km воздушна линија од „Сончевата езерска населба Мантово". Во опкружувањето на опфатот се наоѓаат површини покриени со шума, земјоделско земјиште, пасишта, акумулацијата Мантово, реки и суводолици и сл.<br>Присуството на луѓе во близина на планскиот опфат, особено посетителите на акумулацијата, како и сопствениците на земјоделските површини може да претставуваат ризик и закана за безбедно изведување на планираните активности во планскиот опфат. Суводолиците и реките (порои) кои се наоѓаат во планскиот опфат и во неговото опкружување може да предизвикаат поплавување, доколку истите не се соодветно регулирани. Додека шумските и земјоделските површини во близина на опфатот во случај на пожар може да предизвикаат негативни влијанија во планскиот опфат. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |

Имплементираните содржини во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии во животната средина, кои може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите и областите од животната средина и здравјето на населението, односно:

-*Вода:* Планските содржини може да предизвикаат нарушување на квалитетот на суводолиците кои поминуваат низ планскиот опфат, а исто така да предизвикаат негативни влијанија врз акумулацијата Мантово, бидејќи истата тангира со планскиот опфат. Можните влијанија врз водите ќе зависат од обезбедениот заштитен појас на акумулацијата, начинот на изведба на планските содржини, работните активности и контролата на емисиите и примената на мерките за заштита од несреќи и хаварии. Во изградениот, односно оперативен тренинг центар ќе се генерираат отпадни комунални и атмосферски води, кои во случај на несоодветен третман може да предизвикаат негативни влијанија врз квалитетот на суводолиците и водите во акумулацијата.

-*Почва*: Планските содржини може да предизвикаат влијанија врз квалитетот на почвата, односно да предизвикаат можна појава на ерозија, загадување почвата и сл. Можните влијанија врз почвите ќе зависат од начинот на изведба на планските содржини, работните активности и контролата на емисиите и примената на мерките за заштита од несреќи и хаварии.

-*Воздух*: При имплементацијата на планските содржини ќе генерираат емисии во воздух од изведба на градежните работи, транспортните активности и сл. Во оперативната фаза на тренинг центарот ќе се генерираат емисии во воздух од употребата на енергенс, транспортни активности и сл. Генерираните емисии во воздух може да го нарушат квалитетот воздухот и да предизвикаат директни или индиректи негативни ефекти врз чувствителните рецептори. Можните влијанија врз воздухот ќе зависат од начинот на изведба на планските содржини, работните активности и контролата на емисиите и примената на мерките за заштита од несреќи и хаварии.

-*Бучава и вибрации*: При имплементацијата на планските содржини ќе се генерираат зголемени емисии на бучава и вибрации, како резултат на активностите за изградба на центарот, транспортни активности и сл. Во оперативната фаза на тренинг центарот исто така ќе се генерираат емисии на бучава и вибрации како резултат на изведување на активностите предвидени во обуките, особено на стрелиштето (употреба на оружје), транспортни активности и сл. Зголеменото ниво на бучава може негативно да влијае врз населението во населените места и „Сончева езерска населба Мантово“, да предизвикаат негативни влијанија врз птиците (особено ако се земе предвид дека планскиот опфат влегува во границите на Значајно подрачје за птици) и останатите животински видови.

-*Природно и Културно наследство*: Изведбата на предвидените планските содржини и активности може да предизвика негативни влијанија врз културно наследство (**евидентирани недвижни споменици на културата** се наоѓаат **на подрачјето на катастарските општини Загорци и Скоруша).** Иако планскиот опфат не се наоѓа во подрачје кое со закон е прогласено за природно наследство, сепак опфатот е дел од значајно подрачје идентификувано на меѓународно ниво, односно Значајно подрачје за птици), така што имплементацијата на планските содржини може да предизвика негативни влијанија врз живеалиштата и видовите врз основа на кои ова подрачје е идентификувано како значајно.

-*Биолошка разновидност*: Имплементацијата на планските содржини, како и можните емисии може негативно да влијаат врз присутната биолошка разновидност во рамките на планскиот опфат и неговото опкружување.

-*Предел*: Предвидените плански содржини и активности трајно ќе ги променат постојните пределски и пејзажни карактеристики на локацијата и ќе предизвикаат негативни влијанија.

-*Материјални добра:* Како резултат на активностите во планскиот опфат ќе се генерира опасен и неопасен отпад, кој ќе се предава на овластени постапувачи. Во планскиот опфат ќе се обезбеди вода за санитарни потреби, ќе се обезбеди електрична енергија, сообраќајна инфраструктура и сл. Обезбедување на вода, енергија и сл. може да предизвика оптоварување на постојните мрежи. Исто така имплементацијата на планските содржини ќе допринесе за зголемена фреквенција на возила по регионалниот и локалните патишта.

| |
|---|
| Идниот развој на планскиот опфат треба да се темели на контролирани емисии во медиумите, примена на мерки за заштита од несреќи, како и одржливо искористување на ресурсите.<br><br>Од аспект на оддржливост, донесувањето на ДУПД позитивно ќе влијае врз: привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата и економски развој на Општината. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br><br>Предвидениот плански опфат се наоѓа во релативно чиста средина, каде не се евидентирани значителни нарушувања на медиумите од животната средина како резултат на антропогени фактори.<br><br>Изведбата на предвидените плански содржини може да предизвика нарушување на квалитетот на водите, да влијае врз биолошката разновидност, пределот, ќе се генерира зголемено ниво на бучава, вибрации, ќе се зголеми потрошувачката на вода, ќе се користи енергија, ќе се генерира отпад и сл.<br><br>Во случај на неконтролирани емисии, како и при несреќи и хаварии може да дојде до нарушување на квалитетот на медиумите и областите на животната средина, а исто така да предизвика негативни влијанија врз населението. На ниво на проектна документација, Инвеститорот низ соодветна техничка документација, моделирање и прогнозирање треба да осигури дека планираните содржини нема да предизвикаат значителни негативни влијанија, кои може да ги засегнат чувствителните рецептори.<br><br>Имајќи ја предвид сензибилноста на подрачјето мора да се согледаат сите можни ризици и опасности и да бидат превземени мерки за контрола на емисиите, со цел да се намалат или избегнат негативните влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>За планскиот опфат досега не е изработен план. Корелацијата на планската документација со планските стратешки документи од повисок ранг се приложени во Додаток 1-Цели. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>Предметниот плански опфат не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата. |

| |
|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Доколку на ниво на проектна документација се утврди потреба од изработка на Студија за оцена на влијанијата од проектот врз животната средина или на ниво на изработка на елаборат за заштита на животната средина, да се даде посебен осврт во анализите кои се однесуваат на населението (социо-економски аспект), здравје на населението, воздух и климатски промени, вода, почва, биолошка разновидност, природно и културно наследство, предел, материјални добра, отпад, бучава, вибрации, несреќи и хаварии и сл.<br>Сите можни влијанија да се анализираат во градежна, оперативна и постоперативна фаза и да се предвидат мерки за нивно намалување или избегнување. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |

| | |
|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Министер за транспорт и врски<br>Горан Сугаревски |
| **Датум:**<br>**Место: Скопје** | **М.П.** |